**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Комитет за следење на ИПАРД***

# Записник Бр. 5

## Записник од петтиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД

**05 ноември, 2009 / Клуб на пратеници, Скопје**

**Арх. бр. 02 -** 6298 **/** 2

**Датум:** 31.05 **, 2010** **Печат:**

**Скопје**

## I. ЛИСТА НА УЧЕСНИЦИ

**Претседател на Комитетот за следење на ИПАРД**, м-р Перица Иваноски, заменик министер за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ)

**Секретаријат на Комитетот за следење на ИПАРД:** Раководител на Тело за управување со ИПАРД (ТУ) м-р Маргарита Делева– државен советник за рурален развој и секретар на Комитетот за следење на ИПАРД, г-ца Савица Стојановска, Помлад соработник во одделение за следење на имлементација на ИПАРД фондови и известување

**Присутни членови на Комитетот за следење на ИПАРД и нивни заменици:**

1. Г-ѓа Валентина Стојановиќ, Шеф на кабинет, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство,
2. Г-дин Живко Брајковски, Раководител на сектор за европски интеграции, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство,
3. Г-дин Абдилгафар Синани, Раководител на сектор за земјоделство, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство,
4. Г-ѓа Славица Јакимовска, Државен советник, Министерство за локална самоуправа,
5. Г-дин Јордан Кузмановски, Директор, Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството,
6. Г-дин Љубиша Николовски, Раководител на сектор, Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија,
7. Г-дин Зоран Даневски, Претседател на Сојуз на стопански комори, Агробизнис комора
8. Г-дин Сашо Ристевски, Секретар, Македонска Асоцијација на Преработувачи,
9. Г-дин Ѓоко Данаилов, Претседател, Федерација на Фармери во Република Македонија,
10. Г-дин Вељо Тантаров, Претседател, Сојуз на земјоделците на Македонија,
11. Проф. д-р Драги Димитриевски, Декан, Факултет за земјоделски науки и храна,
12. Г-ѓа Наташа Вртеска, Правен Советник, Заедница на единиците на локалната самоуправа,
13. Г-дин Петар Андонов, Потпретседател, Движење на екологистите на Македонија,
14. Г-ѓа Олга Стоименова, Претседател, Здружение на жени земјоделки „Агро-Винка", Виница,
15. Г-дин Ѓорѓи Кочовски, Претседател, Комора на занаетчии на Република Македонија,
16. Г-ѓа Билјана Димитрова, Соработник за недвижно културно наследство, Министерство за култура, замена на г-ѓа Снежана Герасимова-Матевска,
17. Г-ѓа Евгенија Серафимовска Кирковски, претставник на Националниот ИПА Координатор (НИПАК), Секретаријат за европски прашања, замена на г-дин Александар Николовски,

**Претставници на Европска Комисија (ЕК) со советодавна улога:**

1. Г-дин Кај Мортенсен, Раководител на одделение Г.4., Директорат за земјоделство и рурален развој, (ГД-Агри),
2. Г-ца Андреа Грајнер, Одговорен службеник за земјата кандидат, одделение Г.4., Директорат за земјоделство и рурален развој, (ГД-Агри),
3. Г-дин Џон Баркер, Програмски менаџер, Делегација на Европска Комисија во Република Македонија.



В.Т

**Претставници на ИПАРД структурата:**

1. **Претставници од НАО и НФ:**

- Г-ѓа Наташа Михаилова, Раководител на Национален фонд (НФ), Национален Службеник за Авторизација (НАО)
- Г-дин Виктор Ѓорчев, Министерство за финансии, одделение за внатрешна ревизија,
- Г-ѓа Александра Симјановска, Раководител на одделение, Министерство за финансии,

2. **Претставници од Тело за Управување:**

- Г-дин Виктор Младеновски, Виш соработник, Одделение за следење на имплементација на ИПАРД фондови и известување,
- Г-дин Александар Митревски, Помлад соработник, Одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови,
- Г-дин Стојан Гацов, Советник, Одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови, во улога на презентери

3. **Претставници од Агенција за Финансиска Поддршка во Земјоделството и Руралниот Развој (АФПЗРР):**

- Г-дин Тони Димовски, Директор на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој,
- Г-ѓа Маја Брајовиќ, Раководител на Одделение за внатрешна ревизија, Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој,
- Г-дин Костадин Кус-Иванов, Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

***Промените во листата на членови на Комитетот за следење на ИПАРД (5-от состанок, 5 ноември, 2009)*** *се прикажани во* ***Прилог 1*** *од овој Записник.*

*Чек листа на членовите од состаноците на Комитетот за следење на ИПАРД е прикажана во* ***Прилог 2*** *од овој Записник.*

*Листата на набљудувачи е прикажана во* ***Прилог 3*** *од овој Записник.*

***Резултати: Претседателот на Комитетот и сите 17 членови и нивните заменици со право на глас (од вкупно 21 член со право на глас) учествуваа на состанокот. Беше постигнат кворум со што се донесоа соодветни одлуки.***

## II. ДНЕВЕН РЕД

Предложениот Дневен ред за овој состанок е прикажан во **Прилог 4** од овој Записник.



В.Т

## III. РЕЗУЛТАТИ ОД СОСТАНОКОТ НА КОМИТЕТОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИПАРД:

***1. Во врска со точка 1 од дневниот ред***:

Состанокот го отвори Претседателот на Комитетот за следење на ИПАРД, посакувајќи им добредојде на сите присутни на состанокот и на претставниците од Европската Комисија (ЕК).

***2. Во врска со точка 2 од дневниот ред***:

Претседателот се осврна на предлог Дневниот ред на состанокот и отвори дискусија по однос на предложените точки од истиот.

Г-ѓа Михаилова предложи да се спојат точките 5 и 11 од предлог Дневниот ред и да се презентираат како точка 5, бидејќи темите се меѓусебно поврзани.

Во отсуство на други забелешки, Претседателот ја усвои следнава:

> ***Одлука бр.1***
> ***Предлог Дневниот ред на 5-от состанок на Комитетот за следење на ИПАРД, одржан на 5 ноември, 2009 година, со вклучени исправки, е усвоен како финален.***

> *Финалниот Дневен ред е прикажан во **Анекс 1**.*

***3. Во врска со точка 3 од дневниот ред:***

Претседателот информираше дека предлог Записникот од 4-от состанок на Комитетот за следење на ИПАРД, одржан на 19 мај, 2009 година, е навремено доставен до сите членови на Комитетот на 11 јуни, 2009 година, по што на 2 јули, 2009 година, е доставен до претставниците на ЕК. Тој објасни дека од страна на ЕК беа добиени коментари во однос на преводот и технички забелешки на содржината на Записникот.

Претседателот, подобрениот предлог Записник од 4-от состанок на Комитетот за следење на ИПАРД заедно со придружните материјали, ги стави на усвојување на тековниот состанок.

Во отсуство на забелешки, Претседателот ја усвои следнава:

> ***Одлука бр.2***
> ***Комитетот за следење на ИПАРД го одобри подобрениот Записникот од 4-от состанок на Комитетот за следење на ИПАРД, одржан на 19 мај, 2009 година како финален.***

> *Усвоениот Записник е прикажан во **Анекс 2**.*

***4. Во врска со точка 4 од дневниот ред***:

М-р Делева информираше за напредокот во спроведувањето на Одлуките донесени на 4-от состанок на Комитетот за следење на ИПАРД, одржан на 19 мај, 2009 година.

> *Целосниот извештај е прикажан во **Анекс 3**.*

***5. Во врска со точка 5 од дневниот ред***:

Г-ѓа Михаилова, информираше за напредокот во процесот на акредитација на ИПАРД Оперативната Структура (ИПАРД ОС), потенцирајќи дека од мај, 2009 година, одржани се



В.Т

неколку технички состаноци помеѓу ИПАРД ОС и ревизорите од Генералниот Директорат за земјодество и рурален развој (ГД Агри) при ЕК кои резултираа со испраќање на официјален Акредитационен пакет од страна на Национален Службеник за Авторизација (НАО) на 3 јули, 2009 до ГД Агри. Потоа од 7 до 18 септември, 2009 година, беше одржана ревизорска мисија за пренос на правото за управување со ИПАРД средствата за да се оцени капацитетот на ИПАРД ОС за целосно децентрализирано управување и контрола на ИПАРД фондовите. Г-ѓа Михаилова додаде дека нема блокирачки фактори кои би ја загрозиле акредитацијата. Понатаму таа информираше дека согласно ревизорските препораки дадени за време на мисијата, ИПАРД ОС испрати финален Акредитационен пакет до ГД Агри на 10 октомври, 2009 година.

Во продолжение г-ѓа Михаилова информираше за подготовка за вршење на внатрешна ревизија на ИПАРД ОС во 2010 година и за нацрт Годишниот План за ревизија за 2010 година, истакнувајќи дека според постоечкиот Стратешки план за ревизија, Националниот фонд (НФ), Телото за управување со ИПАРД (ТУ) и ИПАРД Агенцијата ќе бидат предмет на ревизија во 2010 година. Исто така, таа истакна дека за време на мисијата за пренос на правото за управување за I, III и IV Компонента од ИПА, ревизорите од ГД за проширување, ГД за регионална политика и ГД за вработување ја оценија позицијата на Одделението за внатрешна ревизија на ЕУ-ИПА фондовите како наод со висок ризик. Таа истакна дека со цел да ги спроведат нивните препораки, Министерството за финансии (МФ) се обрати до надлежните ревизори на ГД, потребата од заедничка проценка во врска со поставеноста и улогата на Одделение за внатрешна ревизија на ЕУ-ИПА фондовите и нивниот заеднички став ќе биде земен во предвид при ажурирањето на Стратешки план.

Во однос на презентираното, г-дин Мортенсен заклучи дека од страна на ТУ и ИПАРД Агенцијата е направен напредок во текот на минатата година во однос на подготовките за Одлуката за пренос на надлежности. Во однос на пред финансирање, тој информираше дека според одредбите на Повеќегодишната финансиска спогодба (МФА) 2007-2010, пресметувањето ќе се врши на три години. Тој информираше дека на листата на годишната алокација за 2007-2011 се наоѓаат 45 милиони од европските придонеси. Исто така истакна дека се направени сите неопходни чекори со цел да изврши финансиски трансфер на пред-финансирањето штом се усвои Одлуката за пренос на надлежности за децентрализирано управување со надлежните институции и МФА 2007-2010 се потпише од двете страни.

*Презентацијата на НАО е прикажана во* ***Анекс 4***.

### *6. Во врска со точка 6 од дневниот ред*:

Г-ѓа Серафимовска ги информираше присутните за одлуките донесени на првиот состанок на Комитетот за следење на ИПА, одржан на 21 ноември, 2008 година, истакнувајќи дека треба да се постигнат сите критериуми за акредитација за сите компоненти на ИПА, процесот на право за пренос на управување мора да биде завршен, за да се започне со објавување на повици и финансирање на успешни проекти во 2009 година. Во продолжение таа информираше за точките од предлог Дневниот ред за вториот состанок на Комитетот за следење на ИПА, кој треба да се одржи на 25 ноември, 2009 година. Во продолжение, таа информираше дека штом предложениот МФА за 2007-2010 се разгледа и усвои од страна на Владата на Р. Македонија и Одлуката за пренос на надлежности се усвои, ќе биде потпишан финансиски договор за распределба на средствата за периодот 2007-2010 година.

Во продолжение г-ца Грајнер, потсети дека на четвртиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД беше дадена препорака, првиот Записник од Комитетот за следење на ИПА да се достави до сите членови на Комитетот за следење на ИПАРД.



В.Т

М-р Делева објасни дека Записникот е добиен една недела пред одржувањето на тековниот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД и истиот не е доставен во придружните документи. Исто така таа постави прашање за статусот на Записникот од првиот состанок на Комитетот за следење на ИПА.

На тоа, г-ѓа Серафимовска одговори дека Записникот официјално треба да се усвои на претстојниот состанок на ИПА на 25 ноември, 2009 година.

**Заклучок кој произлезе од дискусиите по точка 6:**

**Бр. 1:** Записникот од Комитетот за следење на ИПА ќе биде доставен до членовите на Комитетот за следење на ИПАРД, на следниот (пролетен) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД.

***7. Во врска со точка 7 од дневниот ред:***

Најнапред, Претседателот потсети дека Повеќегодишниот план за комуникација и публицитет 2007-2013 не беше официјално одобрен на 4-от состанок на Комитетот за следење на ИПАРД, поради добиените коментари од страна на претставниците на ЕК, кои бараа значителна ревизија на предвидените активности за 2009 година да се вклучи во Годишниот Акционен план како и технички модификации на текстот, што треба да се донесе во согласност со предлог упатствата издадени од страна на ЕК. Во продолжение, тој информираше дека ревидираниот документ беше испратен до ЕК за негово одобрување како и дека се очекува писмо за одобрување од ЕК.

Понатаму, Претседателот ги презентираше активностите за публицитет, реализирани до сега, како што се: изработка на ИПАРД лого - стилизирана калинка со сончеви зраци, изработка на веб страна посветена на ИПАРД, одржување на ТАИЕХ семинари за потенцијалните корисници, во Охрид и Струмица, објавување на промотивни материјали (брошури и флаери), обука за советниците од Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството (АПРЗ), организирана од Шведска интернационална агенција за развој (СИДА) финансирана од Програмата за земјоделска советодавна поддршка (МААСП проектот), за подршка на потенцијалните корисници при подготовка на апликациите за искористување на ИПАРД средствата.

Со оглед на тоа што првиот повик за доставување на апликации за мерките 101, 103 и 302 од ИПАРД Програмата е планиран за почетокот на декември, Претседателот праша за статусот на подготовката на апликациониот пакет со цел однапред да се објават барањата за апликација.

Г-дин Димовски одговори дека апликациониот пакет е сеуште во подготовка, но како и да е, за време на тековната кампања, потенцијалните корисници ќе бидат информирани за начинот на изготвување на бизнис планот и апликациите.

Во продолжение, м-р Делева ги презентираше модификациите на Планот за комуникација и публицитет на ИПАРД Програмата за 2007-2013, согласно добиените упатства од страна на ЕК на 4-от состанок на Комитетот за следење на ИПАРД. Таа информира дека подобрениот План за Комуникација и публицитет 2007-2013 е доставен до сите членови на состанокот и е ставен на усвојување. Исто така, информира и за Акциониот план за публицитет за 2010 година, кој ги содржи следниве активности: се очекуваат минимум два огласи во 2010 година, ИПАРД инфо денови, целосна медиумска покриеност и останати активности, кои во целост се дадени во придружните документи за 5-от состанок на Комитетот за следење на ИПАРД.

По однос на оваа тема беа изнесени повеќе мислења од страна на г-дин Мортенсен, г-дин Шаклев и г-дин Даневски.

Г-дин Мортенсен информира дека главниот фокус на ИПАРД Програмата е подобрување на примарниот земјоделски и прехранбен сектор и негово доближување до стандардите на ЕУ.



В.Т

Исто така додаде дека ИПАРД Програмата не е социјална категорија и дека треба да се обезбедат еднакви можности за сите прифатливи апликации.

Г-дин Шаклев изрази загриженост дека тековните активности не се доволни за информирање на потенцијалните корисници за поддршката од ИПАРД Програмата. Тој даде предлог, информациите за активностите да ги покриваат различните региони во земјата и исто така изрази загриженост во врска со фактот дека формуларите за апликација се уште не се финализирани, па потенцијалните корисници не можат да добијат соодветни информации потребни за аплицирање за поддршка од ИПАРД Програмата.

Г-дин Даневски, додаде дека индивидуалните земјоделци имаат постојан проблем во обезбедување на финансиски средства за комплетирање на проектите, воглавно поради неможноста за пристап до кредити. Покрај тоа, тој тврдеше дека постапката за одобрување на кредити од комерцијалните банки е долга, по што даде предлог, Македонската банка за поддршка и развој да може да исплаќа кредити на индивидуалните земјоделци за да се избегнат тешкотиите во однос на процедурите за одобрување на кредити од комерцијалните банки.

На тоа г-дин Калајџиски, одговори дека има специјална кредитна линија која функционира преку Земјоделкиот кредитен дисконтен фонд (ЗКДФ), преку комерцијалните банки, наменета за потенцијалните корисници на ИПАРД средствата, објаснувајќи дека има поволни услови во однос на каматните стапки и условите за кредит.

**Заклучоци кои произлегоа од дискусиите по точка 7:**

**Бр. 1:** Претседателот ја задолжи ИПАРД Агенцијата, во соработка со ТУ, во рок од пет дена, да го достави финалниот пакет за апликација, почитувајќи го планираниот датум за претстојниот повик за доставување на апликации по ИПАРД Програмата.

**Бр. 2:** Претседателот ги задолжи ИПАРД Агенцијата и ТУ да продолжат активностите за имплементација на Планот за комуникација и публицитет, врз основа на одобрениот апликационен пакет во насока на информирање на потенцијалните корисници за деталите од апликациониот пакет.

**Бр. 3:** Претседателот ја задолжи ИПАРД Агенцијата во рок од 5 дена да достави предлог до Претседателот за договор помеѓу ИПАРД Агенцијата и комерцијалните банки за исплата на средствата од ИПАРД фондовите кон банките кои би биле спремни да ги финансираат потенцијалните инвестиции. Овие активности треба да се интензивираат пред објавување на јавниот оглас по ИПАРД Програмата. Врз основа на тој договор кој ќе се донесе помеѓу овие две структури, да се разгледаат можностите за прифаќање на бизнис плановите и префрлање на средствата директно кон банките за оние апликанти кои ќе побараат средства преку комерцијалните банки.

Во отсуство на други коментари, Претседателот ја усвои следнава:

***Одлука бр.3:***

***Комитетот за следење на ИПАРД го разгледа и усвои подобрениот План за комуникација и публицитет на ИПАРД 2007-2013 и Акциониот план за комуникација и публицитет за 2010 година и го задолжи ТУ да ги превземе неопходните активности за нивна реализација.***



В.Т

*Планот за комуникација и публицитет на ИПАРД Програмата 2007-2013 и Акциониот план за Комуникација и Публицитет за 2010 година е прикажан во* ***Анекс 5****.*

***8. Во врска со точка 8 од дневниот ред***:

Г-дин Гацов, информираше за статусот на втората модификација на ИПАРД Програмата, која беше усвоена со Одлука на Комисијата C (2009) 7041 на 23 септември, 2009 година. Исто така, тој ги образложи предлозите за трета модификација на ИПАРД Програмата. Работниот документ со предлози за трета модификација на ИПАРД Програмата е прикажан во Анекс 6.

Во продолжение, м-р Делева накратко ја објасни постапката за модификација на ИПАРД Програмата, која се базира на предлози дадени од страна на членовите на состаноците на Комитетот за следење на ИПАРД, објаснувајќи дека тие добиени предлози понатаму ќе се презентираат пред ЕК за нивно натамошно одобрување.

Претседателот отвори дискусија по однос на оваа тема и беа изнесени повеќе мислења од страна на г-дин Даневски и г-дин Тантаров.

Г-дин Даневски даде предлог за зголемување на интервалот на производните капацитети на потенцијалните корисници на ИПАРД Програмата, како да се вклучат поголемите земјоделски фарми. Исто така потенцираше дека треба да им се појасни на земјоделците дека ИПАРД Програмата не е социјална мерка, туку мерка со која треба да се модернизира земјоделското производство. Тој истакна дека постои загриженост помеѓу малите земјоделци, дека големите земјоделци ќе абсорбираат најголем дел од средствата како и дека малите земјоделци нема да бидат во можност да ја подготват потребната документација, главно поради тоа што има незавршени катастерски проекции од страна на Министерство за транспорт и врски. Покрај тоа, тој истакна дека нема да има голема искористеност на средствата во првата година, ако не се направат одредени отстапки за да ги вклучат големите фарми, кои се во можност да ги апсорбираат средствата. Во продолжени тој додаде дека Агробизнис комората им нуди помош на потенцијалните корисници на ИПАРД Програмата во изработка на бизнис плановите.

Г-дин Тантаров, истакна дека предлогот на г-дин Даневски е добар за членовите на комората, но е лош за малите земјоделци, сметајќи дека со тоа ќе се одземе поголема количина од средствата на малите земјоделци, која ќе се даде на поголемите субјекти од земјоделскиот сектор. Тој не се сложува со предлогот да се менува Програмата, но ако на првиот повик за доставување на апликации по ИПАРД Програмата не се јават доволен број на земјоделци, тогаш членовите на Комитетот може да ја разгледаат можноста за промена на Програмата како и да го прошират опсегот на корисниците кон големите фарми. Тој уште повеќе ја потенцираше потребата од обезбедување на соодветни сервиси во руралните подрачја, особено во планинските подрачја, за ИПАРД Програмата да може да го поддржи формирањето на занаети за населението кое живее во планинските подрачја.

Г-динот Даневски одговори дека членовите на Комората не ги одземаат средствата од земјоделците, бидејки на крај сите потенцијални корисници треба да ги поднесат своите проекти во ИПАРД Агенцијата и само доколку ги исполнуваат критериумите и условите, нивиот проект ќе биде одобрен и исплатен.

Претседателот објасни дека првиот повик ќе биде реализиран под овие услови кои се дадени во ИПАРД Програмата, а потоа почнувајќи од јануари, ако има потреба, може да се направат натамошни модификации на ИПАРД Програмата. Тој исто така додаде дека има можности за воведување на нови мерки во ИПАРД Програмата. Во врска со барањето на г-дин Тантаров, Претседателот истакна дека можноста за воспоставување работилници за традиционалните



В.Т

занаети и одржување на земјоделските машини е поддржана со третата мерка од ИПАРД Програмата-диверзификација.

Г-дин Мортенсен сумираше дека модификацијата на ИПАРД Програмата не треба да ја проширува рамката на самата Програма. Во таа насока, тој додаде дека воведување на дополнителни мерки би можеле да бидат дел од модификацијата на Програмата во 2010 година.

За следење на спроведувањето на ИПАРД Програмата, м-р Делева предложи формирање на три работни групи, по една група за секоја мерка, со цел да се олесни системот на следење за секоја мерка поединечно, објаснувајќи дека секоја работна група ќе се занимава со разгледување на предлози, анализа на резултати од имплементацијата и натамошно ширење на предлозите за модификации до членовите на Комитетот.

**Заклучоци кои произлегоа од дискусиите по точка 8:**

**Бр.1:** Претседателот го задолжи ТУ да изготви предлог за формирање на три работни групи по мерките од ИПАРД Програмата и тој предлог да го достави до Претседателот, за истиот да се усвои на следниот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД.

**Бр. 2:** Претседателот го задолжи ТУ, до следниот Комитет за следење на ИПАРД, да подготви индикативен тригодишен план за воведување нови мерки во ИПАРД Програмата, со цел членовите да имаат појасна слика за следните намери на МЗШВ и Владата на Република Македонија и навремено да се започне со активностите за нивно спроведување преку двата начина.

*Работниот документ за трета модификација на ИПАРД Програмата е прикажан во **Анекс 6**.*

***9. Во врска со точка 9 од дневниот ред:***

Г-дин Младеновски истакна дека Табелите за следење на ИПАРД Програмата, кои беа презентирани и одобрени на 4-от состанок на Комитетот за следење на ИПАРД, беа потврдени со официјално писмо од ЕК на 22 јули, 2009 година. Тој додаде дека во Одделението за следење на имплементацијата на ИПАРД фондови и известување е изработен Водич за пополнување на Табелите кој е дистрибуиран до ИПАРД Агенцијата, со цел да се обезбедат податоци за следење на Програмата. Во врска со симулацијата за системот за следење, г-дин Младеновски извести дека Одделението за следење и известување подготви Табели за следење на имплементацијата на "Националната Програма за финансиска поддршка на руралниот развој" и таа симулација ќе се реализира во февруари, 2010 година. Како следни активности поврзани со воспоставувањето на системот за следење и известување за имплементацијата на ИПАРД Програмата, тој извести дека Одделението за следење и известување ќе собира податоци за ажурирање на статистички, секторски и други податоци кои се во ИПАРД Програмата.

Во продолжение, г-дин Митревски го презентираше напредокот во воспоставување на системот за проценка на ИПАРД Програмата. Тој извести дека со поддршка на независен проценител ангажиран преку СИПП проектот, подготвени се Стратегијата за проценка на ИПАРД Програмата и предлог Опис на задачи (ТоР) за ангажирање на независен проценител, кој ќе ја извршува тековната проценка на ИПАРД Програмата. Исто така, тој извести за ангажманот на двајца надворешни експерти за квантификација на целите во ИПАРД Програмата. Во таа насока, предвидени се теренски посети на потенцијалните корисници на ИПАРД средствата.

Г-ца Грајнер потсети дека во придружните документи на секој Комитет за следење на ИПАРД, се спомнува воспоставување на Управувачки Комитет за проценка, но нема информација за



В.Г

статусот на овој Комитет. Исто така, таа потсети дека има иницијатива да се формираат работни групи за следење и проценка.

Г-дин Митревски објасни дека со цел да се поедностави работата во системот за следење и проценка, активностите од Управувачкиот Комитет за проценка ќе се пренасочат во активностите на работните групи, кои беа спомнати во претходната точка и нивна задача ќе биде следење на проценката на ИПАРД Програмата.

***10. Во врска со точка 10 од дневниот ред:***

М-р Делева го образложи Годишниот Акционен План за спроведување на мерката Техничка помош 505 за 2010 година. Таа истакна дека мерката Техничка помош е единствена мерка која може да се предфинансира, но има одредени предуслови кои треба да се исполнат, како што се: подготовка на внатрешни процедури, кои треба да се достават до НФ за натамошна акредитација. Во продолжение, таа нагласи дека Акционен план за мерката Техничка помош е даден во Анекс 7 на овој документ.

Претседателот го задолжи ТУ да подготви финална подобрена верзија на Акциониот План, со подетално образложени активности превземени во периодот помеѓу два состаноци и да го испрати до членовите на Комитетот и за тоа да известува регуларно на секој состанок на Комитетот за следење на ИПАРД. Во продолжение Претседателот ја задолжи ИПАРД ОС да започне со подготовка на активности за акредитација на мерката Техничка помош. Согласно временската рамка за акредитација на мерката Техничка помош, доставувањето на акредитациониот пакет на мерката Техничка помош до ЕК се планира за почетокот на 2010 и добивање на акредитација за мерката Техничка помош од страна на ЕК е предвидена до крајот на 2010.

**Заклучок кој произлезе од дискусиите по точка 10:**

**Бр. 1:** Претседателот го задолжи ТУ да подготви детален план на активностите од мерката Техничка помош, согласно Годишниот Акционен План за мерката Техничка помош за 2010 и да го достави на дополнително образложение до членовите на Комитетот за следење на ИПАРД.

Во отсуство на други коментари, Претседателот ја усвои следнава:

***<u>Одлука бр.4</u>***

***Комитетот за следење на ИПАРД го усвои Годишниот план за спроведување на мерката Техничка помош за 2010 година и го задолжи Претседателот да ги реализира предвидените активности како договорен орган за спроведување на мерката 505 Техничка помош за спроведување на ИПАРД Програмата 2007-2013 и за тоа да го извести Комитетот за следење на ИПАРД на наредниот состанок.***

*Годишниот Акционен план на мерката Техничка помош е прикажан во* ***Анекс 7.***

***11. Во врска со точка 11 од дневниот ред:***

Г-ѓа Серафимовска информираше за следниот Повеќегодишен Индикативен Плански Документ (МИПД) 2010-2012 година како и за статусот на Повеќегодишната Индикативна Финансиска Рамка (МИФФ) 2009-2011 потенцирајќи дека тоа се документи изработени од страна на ЕК. Таа информираше дека на 14 октомври излезе последниот МИФФ во кој се опфатени финансиските алокации за 2011, 2012 и 2013 година, средствата се во износ од 16.000.000, 19.000.000 и 21.028.000 милиони евра. Во продолжение таа истакна дека според МИПД, имплементацијата на ИПАРД



В.Т

Програмата бара добро функционирање и надградба на инспекциските служби (од областа на јавното здравје, заштита на животната средина, здравјето на животните и растенијата, благосостојбата на животните, професионалната безбедност и квалитетот и безбедноста на храната) како и да се финализира регистрирањето на земјоделското земјиште и катастар на недвижен имот, вклучувајќи и воспоставување на соодветни административни структури да работат со инструментите на ЕУ, поврзани со руралниот развој, вклучувајки го и усвојувањето на сите потребни законодавни рамки во согласност со законодавството на ЕУ. Г-ѓа Серафимовска објасни дека овие прашања ќе се дискутираат на претстојниот состанок на Комитетот за следење на ИПА, кој ќе се одржи во ноември, 2009 година.

М-р Делева потсети дека МИПД треба официјално да се доставува до раководителите на ИПАРД ОС на консултации, за да се разгледа документот, да може соодветно и навремено да се одговори.

***12. Во врска со точка 12 од дневниот ред***:

Г-дин Брајковски го презентираше напредокот на НПАА и ТАИЕХ активностите реализирани во 2009 година. Исто така, информираше за воспоставување на електронски земјоделски регистар, кој се очекува да се финализира во 2010 година.

Во продолжение, г-ѓа Шефер информираше за активностите превземени од страна на "СИПП Проектот 2006" од самиот почеток на проектот до денес како и за активностите, планирани за 2010 година. Таа информираше за поддршката во подготовката на акредитациониот пакет за ИПАРД ОС, ревидирањето на прирачниците и процедурите, поддршката во изработка на Националниот План за животна средина 2010-2013, мерката Техничка помош вклучувајќи ги дополнителните активности, како и воспоставување на мерката за животна средина и ЛИДЕР мерката во ИПАРД Програмата. Исто така, информираше за обуката на тренери и тековните обуки на вработените во ИПАРД ОС.

Г-дин Мортенсен правејќи краток осврт на дискусиите истакна дека постојат четири дополнителни мерки на ИПАРД Програмата. Тој појасни дека мерките ЛИДЕР и животна средина се мерки кои треба да бидат 100% во согласност со одредбите на ЕУ кои важат за слични мерки. Тој исто така појасни дека пилотирањето на овие мерки со националните фондови не е потребно, но фокусот треба да биде во насока на навремена подготовка на процедурите за добивање на право за пренос на надлежности, најдоцна до крајот на 2011 година и искористување на ИПАРД фондовите за овие цели.

М-р Делева се надоврза на активностите од страна на СИПП проектот, истакнувајќи дека презентираните активности планирани за 2010 година, се резултат на дискусии кои произлегле од една работилница организирана од страна на проектот и не се одразуваат на стратешките цели за натамошно програмирање на средствата од ИПАРД. Таа, исто така, потсети дека ваквата поддршка за агро-животната средина е предмет на финансирање преку првата ИПА Компонента, но поддршка за ЛИДЕР преку Компонента I на ИПА била одбиена, бидејќи тие се финансираат преку мерката Техничка помош. М-р Делева дополнително коментираше и дека некои од предложените активности за 2010 година се надвор од датумот и истите ќе бидат ревидирани од страна на раководителите на ИПАРД Оперативната Структура. И на крај таа побара дополнителна координација со изнесените активности од страна на проектот.

Г-дин Баркер, истакна дека презентацијата за активностите на СИПП Проектот е само информативна и истата ќе биде предмет на натамошни дискусии на претстојниот Управувачки Комитет.

**Заклучок кој произлезе од дискусиите по точка 12:**

**Бр. 1:** Претседателот предложи ревизија на активностите планирани од страна на СИПП Проектот за 2010 година, со раководителите на ИПАРД Оперативната Програма, како главни



В.Т

корисници на помошта, за да се обезбеди усогласеност на тековните активности со планот за имплементација на конкретните активности за 2010 година, притоа потенцирајќи на потребата од тесна соработка.

*Презентација за НПАА и ТАИЕХ активностите е приложена во* ***Анекс 8.***

*Презентација за активностите на СИПП Проектот е приложена во* ***Анекс 9.***

***13. Во врска со точка 13 од дневниот ред***:

Претседателот предложи наредниот, пролетен состанок, да се одржи во мај, 2010 година. Исто така даде предлог Дневен ред за точките по кои ќе се одвива состанокот: Записник од 5-от состанок на Комитетот за следење на ИПАРД, информација од 2-от состанок на ИПА МК, одржан во ноември, 2009 година, информација за трета модификација на ИПАРД Програмата, информација за спроведените активности од мерката Техничка помош, дискусија за акредитација на мерката Техничка помош и напредокот на мерката Техничка помош спроведена со поддршка на СИПП Проектот, информација за финансиска имплементација на ИПАРД, информација/ дискусија за резултатите од тековната проценка на имплементација на ИПАРД Програмата како и за напредокот во активностите повзани со Планот за Комуникација и публицитет на ИПАРД Програмата.



В.Т

***14. Во врска со точка 14 од дневниот ред:***

М-р Делева информираше дека Дневниот ред на 5-от состанок на Комитетот за следење на ИПАРД ќе се промени, во делот на точка 10, каде во улога на презентер, г-ца Лазареска ќе биде заменета со м-р Делева.

Во отсуство на дополнителни коментари, Претседателот заклучи дека 5-от состанок на Комитетот за следење на ИПАРД е успешно затворен.

ПОТПИСИ:

| **ОД СТРАНА НА КОМИТЕТОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИПАРД** | **ОД СТРАНА НА СЕКТЕРИЈАТОТ** |
|---|---|
| м-р Перица Иваноски | м-р Маргарита Делева |
| Титула: Претседател | Титула: Раководител на Телото за управување со ИПАРД |
| Потпис: | Потпис: |
| Датум: | Датум: 31/05/2010 |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО СКОПЈЕ



3.Т

**Промена во листата на членови на состанокот на Комитетот за следење на ИПАРД:**

**1. Министерство за економија:**

- Г-дин Илир Шабани – претставник од Министерство за економија
- Замена на досегашниот претставник г-ѓа Родопи Корнети Јаковљевиќ, поради пензионирање

**2. Движење на екологистите на Македонија:**

- Г-дин Петар Андонов – претставник од Движење на екологистите на Македонија
- Замена на досегашниот претставник г-дин Благој Игновски, поради други обврски

*) Номинациите на новите членови на Комитетот за следење на ИПАРД се приложени кон овој Записник.



В.Т

## Листа за проверка на присутност на членовите на Комитетот за следење на ИПАРД

| Бр. | Титула и име на членовите | Институција | Присутен "√" | Отсутен "√" | Претставник "√" | Заменик | Последователни отсуства |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | М-р Перица Иваноски, Претседател | МЗШВ | √ | | | | 0 |
| ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ | | | | | | | |
| 2. | Г-ѓа Валентина Стојановиќ | МЗШВ | √ | | | | 0 |
| 3. | Г-дин Живко Брајковски | МЗШВ | √ | | | | 0 |
| 4. | Г-дин Абдилгафар Синани | МЗШВ | √ | | | | 0 |
| 5. | Г-ѓа Славица Јакимовска | МЛС | √ | | | | 0 |
| 6. | Г-дин Александар Николовски | СЕП | | | √ | Г-ѓа Евгенија Серафимовска Кирковски | 0 |
| 7. | Г-ѓа Снежана Герасимова-Матеска | МК | | | √ | Г-ѓа Билјана Димитрова | 0 |
| 8. | Г-дин Илир Шабани | МЕ | | √ | | | 1 |
| 9. | Г-ѓа Јадранка Иванова | МЖСПП | | √ | | | 1 |
| АГЕНЦИИ | | | | | | | |
| 11. | Г-дин Љубиша Николовски | Агенција за поддршка на претприемништвото | | | | | 0 |
| 10. | Г-дин Јордан | АПРЗ | | | | | 0 |
| ЕКОНОМСКИ И СОЦИЈАЛНИ ПАРТНЕРИ | | | | | | | |

Прилог 2_5ти состанок на Комитет за следење на ИПАРД

В.Т

В.Т

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 12. | Г-ѓа Стојмирка Тасевска | **Стопанска комора на Македонија** | | √ | | | 1 |
| 13. | Г-дин Зоран Даневски | **Сојуз на стопански комори** | √ | | | | 0 |
| 14. | Г-дин Сашо Ристески | **Македонска асоцијација на преработувачи** | √ | | | | 1 |
| 15. | Г-дин Ѓоко Данаилов | **Федерација на фармери на Македонија** | √ | | | | 0 |
| 16. | Г-дин Вељо Тантаров | **Сојуз на земјоделци на Македонија** | √ | | | | |
| 17. | Г-ѓа Наташа Вртеска | **Заедница на единиците на локалната самоуправа** | √ | | | | 0 |
| 18. | Проф. Д-р Драги Димитриевски | **Факултет за земјоделски науки и храна** | √ | | | | 0 |
| 19. | Г-дин Петар Андонов | **Движење на екологистите на Македонија** | √ | | | | 0 |
| 20. | Г-ѓа Олга Стоименова | **Здружение на жени земјоделки Агровинка, Виница** | √ | | | | 0 |
| 21. | Г-дин Ѓорѓи Кочовски | **Комора на занаетчии** | √ | | | | 0 |
| | **ВКУПНО** | 16 | 3 | 2 | | | |

Прилог 2_5ти состанок на Комитет за следење на ИПАРД

## Листа на набљудувачи на Комитетот за следење на ИПАРД:

## Претставници од државни институции:

1. Г-ѓа Билјана Костовска, Министерство за земјодество, шумарство и водостопанство, Мисија на Република Македонија при Европски Заедници,
2. Г-ѓа Лидија Чадиковска, Раководител на сектор за меѓународна соработка, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство,
3. Г-ѓа Сузана Поповска, Дирекција за здрава храна, замена на г-ѓа Марина Домазетовска,
4. Г-дин Виктор Калаџиски, Земјоделски кредитен дисконтен фонд, Министерство за финансии, замена на г-ѓа Ефимија Димовска,
5. Г-ѓа Вељка Јурен, Агенција за вработување на Република Македонија, замена на г-ѓа Билјана Јовановска,
6. Г-ѓа Валентина Блажеска Бондикова, Македонска банка за поддршка на развојот, замена на г-дин Виктор Мизо,
7. Г-ѓа Славјанка Стојановска, Агенција за странски инвестиции на Република Македонија, замена на г-дин Драган Мартиновски,
8. Г-ѓа Весна Илиевска, Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството

## Претставници од економски партнери:

1. Г-дин Љупче Даниловски, Здружение за рурален развој, Кичево,
2. Г-дин Александар Зарков, Агро-бизнис комора, Сојуз на стопански комори

## Претставници од социјални партнери:

1. Проф. Д-р Димче Китановски, Декан, Факултет за биотехнички науки, Битола,
2. Г-дин Ефтим Шаклев, Претседател, Асоцијација на земјоделци,
3. Г-дин Јорде Јакимовски, Директор, Институт за социолошки политичко-правни истражувања

## Претставници од меѓународни финансиски институции, донатори и донаторски проекти:

1. Г-ѓа Биргит Шефер, Проект за поддршка на подготовка на ИПАРД во Република Македонија, финансиран од ЕУ,
2. Г-ѓа Лидија Фајдига, претставник од Германска техничка соработка (ГТЗ),
3. Г-дин Васко Хаџиевски, Аг-Биз, Агенција на Соединетите Американски Држави за меѓународен развој (УСАИД)



В.Т

# ПРЕДЛОГ ДНЕВЕН РЕД
## на 5-тиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД

**Датум:** 5 ноември,2009
**Место:** Клуб на пратеници, Скопје

| Бр. | Време | Тема | Презентирано од | Документи/Анекси |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 9:00 | Почеток на состанокот и поздравен говор | М-р Перица Иваноски, Претседател | |
| 2. | 9:15 | Одобрување на предлог дневниот ред за петтиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД; | М-р Перица Иваноски, Претседател | Предлог дневен ред |
| 3. | 9:30 | Усвојување на Записникот од претходниот (4-ти) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД (одржан на 19 мај, 2009 година); | М-р Перица Иваноски, Претседател | Финален записник |
| 4. | 9:45 | Извештај на Телото за Управување со ИПАРД за реализација на Одлуките донесени на четвртиот состанок на Комитет за следење на ИПАРД, (одржан на 19 мај, 2009 година); | М-р Маргарита Делева, Раководител на Телото за управување | Извештај за напредокот во реализација на Одлуката на Комитетот за следење на ИПАРД донесена на четвртиот Комитет за следење на ИПАРД |
| 5. | 10:00 | Извештај на НАО за процесот на акредитација и пренос на правото за управување со ИПАРД фондовите на ИПАРД структурата од Европската Комисија; | Сузана Пенева, Национален службеник за авторизација (НАО) | информација |
| 6. | 10:20 | Информирање за спроведување на Одлуките од првиот состанок на Комитетот за следење на ИПА и презентација на нацрт Агендата за вториот состанок на Комитетот за следење на ИПА, кој ќе се одржи на 6 ноември 2009; | Александар Николовски, Секретаријат за европси прашања | Информација за одлуките донесени на првиот Комитет за следење на ИПА и точките од Агендата за вториот Комитет за следење на ИПА |
| | 11:00 | **Кафе пауза** | | |
| 7. | 11:30 | Информација за напредокот во активностите поврзани со Комуникација и Публицитет на ИПАРД Програмата:<br>• Презентација на активностите за комуникација и публицитет на ИПАРД Програмата за 2009 година и работата на Комитетот за координација на активностите за публицитет; | М-р Перица Иваноски, Претседател | - Извештај за напредокот во имплементација на Акциониот план за публицитет за 2009<br>- План за комуникација и публицитетна ИПАРД |



В.Т

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | • Презентација и усвојување на модификации на Планот за комуникација и публицитет на ИПАРД;<br>• Усвојување на Акциониот План за Комуникација и Публицитет за 2010 година; | | за 2007-2013<br>- Акциониот План за Комуникација и Публицитет за 2010 година |
| 8. | 12:00 | Извештај за статусот на втора модификација на ИПАРД Програмата, од страна на Европска Комисија (ЕК) и нацрт предлози за дискусија за подготовки на трета модификација на ИПАРД Програмата; | Стојан Гацов, советник, Тело за управување со ИПАРД | Работен документ за трета модификација на ИПАРД Програмата |
| 9. | 12:15 | Извештај за напредокот во воспоставувањето на системот за следење и проценка на ИПАРД Програмата; | Виктор Младеновски, виш соработник, Тело за управување со ИПАРД/ Александар Митревски, виш соработник, Тело за управување со ИПАРД | - извештај за напредокот во воспоставувањето на системот за следење<br>- извештај за тековните активности во системот за проценка на ИПАРД Програмата |
| 10. | 12:30 | Информација за процесот на подготовки за имплементација на мерката Техничка помош:<br>• Презентација на акциониот план за акредитација на ИПАРД Техничката мерка и спроведени активности за подготовка за акредитација;<br>• Презентација и усвојување на Годишен Акционен План за мерката 505 Техничка помош за 2010 година; | Маја Лазареска, советник, Тело за управување со ИПАРД | - Акционен план за акредитација на ИПАРД Техничката мерка 2009/2010<br>- Годишен Акционен План за мерката 505 Техничка помош за 2010 година |
| | 13:00 | **Ручек** | | |
| 11. | 13:30 | Извештај за подготовка за вршење на внатрешна ревизија во ИПАРД структурите во 2010 и презентација на нацрт Годишни планови за ревизија за 2010; | Сузана Пенева, Национален службеник за авторизација (НАО) | информација |
| 12. | 13:45 | Разгледување на следниот Повеќегодишен Индикативен Плански Документ; | Александар Николовски, Секретаријат за европски прашања | Нацрт верзија на Повеќегодишен индикативен плански документ 2009-2011 за ИПА компонента V |



В.Т

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **13.** | **14:00** | Разно:<br>• Презентација за напредокот на НПАА и ТАИЕХ активностите поврзани со ИПАРД превземени во 2009 година, и планирани активности за 2010 година;<br>• Презентација за активностите превземени од страна на СИПП Проектот (Mid-term Report); | Живко Брајковски, Раководител на сектор за евроинтеграции, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство<br><br>Биргит Шефер, Проект за поддршка на подготовка на ИПАРД во Република Македонија | - презентација<br><br>- презентација |
| **14.** | **14:30** | Предлог дневен ред за следниот (6-от) состанок и усогласување на датумот за следниот состанок. | М-р Перица Иваноски, Претседател / Европска Комисија | |
| **15.** | **14:45** | Затварање на состанокот | М-р Перица Иваноски, Претседател | |



B.T